**З А П И С Н И К**
**бр. 23**

Од одржаната 23-та редовна седница на Советот на општина Зрновци одржана на ден 15.11.2018 год. со почеток во 12:30 ч, во салата за состаноци во општината. Седницата започна со сите советници. Останати присутни:Градоначалникот Блаже Станков, Кристијан Савев, Горан Кокев, преставници од Фондацијата за развој на заедниците од Штип и Благој Данев.

На седницата беше предложен следниот:

**Предлог Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. **Усвојување на записникот од 21-тата седница.**
2. **Усвојување на записникот од 22-рата седница.**
3. **Квартален извештај на Буџетот на општина Зрновци за период 01.01.2018 – 30.09.2018 год.**
4. **Предлог Одлука за измени и дополнувања на Буџетот на општина Зрновци за 2018 год.**
5. **Квартален извештај за финансиското работење на КЈП Водна Кула за период 01.01.2018- 30.09.2018 год.**
6. **Разно**

<u>Тек на седницата:</u>
Претседателот ги поздрави сите присутни, ја отвори седницата и ги информира советниците дека има дополнување на дневниот ред со следните точки:

- Одлука за формирање на Советодавно тело на Советот и општина Зрновци
- Програма за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Р.М.

Дневниот ред со дополнетите точки беше ставен на гласање и усвоен со 9-ЗА гласа.

**1. Усвојување на записникот од 21-тата седница.**
Претседателот отвори дискусија по записникот. За збор се јави Виктор Ангелов кој кажа дека во точка 3 и точка 5 е направена техничка грешка со неговото име наместо Виктор стоело Горан. Немаше други забелешки и записникот со забелешките беше усвоен со 9-ЗА гласа.

**2. Усвојување на записникот од 22-рата седница.**
Претседателот отвори дискусија по точката. Немаше забелешки и записникот беше усвоен со 9-ЗА гласа.

**3. Одлука за формирање на Советодавно тело на Советот и општина Зрновци**
Претседателот отвори дискусија по точката и даде збор на преставниците од Развојната фондација на заедниците од Штип на чија иницијатива и беше ставена точката. Тие објаснија дека имаат тековен проект кој е финансиран од УСАИД во кој едната компонента (обука за дел од советниците) е завршена а ова е втора компонента каде се иницира формирање на вакви доброволни советодавни тела во кои ќе партиципираат угледни граѓани (од 5-9 лица) од заедницата кои би се состанувале најмалку еднаш во месецот или повеќе, по потреба, и би давале сугестии и предлози до Советот за надминување на проблеми и состојби.Ти кажаа дека немаат предвидено средства за поддршка на овие тела освен мала логистичка поддршка и евентуално поддршка на некои мали акции. Претседавачот ја поздрави оваа иницијатива и даде свој предлог за можни членови на ова тело: **Горан Кокев**, **Верица Савева**, **Верица Иванова**, Зоран Горгиев, **Јохан Горгиев** и **Славчо Гиздовски**. За преставник на земјоделците беше предложен **Благој Бошков**. Јохан Горгиев кажа дека е зафатен па на негово место беше предложен **Виктор Новков**. Од страна на преставниците на фондацијата беше кажано дека се согласни со структурата на Советот. Немаше понатамошна дискусија и Советот со 9-ЗА гласа го изгласа формирањето на Советодавното тело.

**4. Квартален извештај на Буџетот на општина Зрновци за период 01.01.2018 – 30.09.2018 год.**
Претседателот отвори дискусија по точката. За збор се јави Јохан Горгиев кој како претседател на комисијата за даноци и буџет кажа дека комисијата одржала состанок и дава предлог до Советот да се усвои кварталниот извештај. За збор се јави Виктор Ангелов кој праша за долг спрема ФК Мородвис. Ленче Илиова одговори дека книговодствено тој долг стоел а бил за игрите во с.Мородвис (Св. Троица) и истиот ќе бил избришан со одлука на Совет. Извештајот беше усвоен со 8-ЗА и 1 воздржан.

**5. Предлог Одлука за измени и дополнувања на Буџетот на општина Зрновци за 2018 год.**
Претседателот отвори дискусија по точката. Претседатеот на комисијата кажа дека дава предлог до Советот, предлог одлуката да биде усвоена. Градоначалникот побара збор и кажа дека буџетот на општината секоја година се формира врз основа на нацрт и предлог кој се креира спрема претпоставки за одобрени средства за приоритетни проекти. Но општината не знае предвреме кои проекти ќе бидат одобрени и какви се повици ќе има. Тој се обрати до советниците а во врска со креирањето на новиот буџет дека сака транспарентен начин и побара сугестии и предлози од советниците но и од граѓаните. Тој кажа дека на веб страната има образец за предлози и сугестии по буџетот но и самите советници како преставници на



Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

граѓаните треба да бидат активни во овој дел.Тој спомена дека можеби треба за оваа цел да се организира и форум на заедниците. Во продолжение тој кажа дека негова пракса е дел од сумата предвидена за асфалтирање и одржување на улици и патишта да ја користи за сопствено учество на општината во делот на плаќање на ДДВ или кофинансирање на дел од проектите. Предлог одлуката беше усвоена со 8-ЗА гласа и 1 воздржан.

**6. Квартален извештај за финансиското работење на КЈП Водна Кула за период 01.01.2018- 30.09.2018 год.**

Претседателот отвори дискусија по точката. Директорот Горан Кокев накратко го образложи извештајот каде напомена дека во споредба со минатата година за истиот период приходите се зголемени за скоро 400.000ден.Виктор Ангелов праша колкава била наплатата? Тој одговори дека се движи некаде околу 64%. Се разви дискусија за тоа што со оние семејства кои со години не плаќале на сметка на оние кои се редовни. Директорот појасни дека имал скоро 90.000 трошок за нотар и адвокат за лицата кои се дадени на извршител, понатаму имало покачување на платите, поголеми трошоци за одржување на мрежата и поскапа нафта. Градоначалникот упати прашања до директорот дали новите неплаќачи се редовно тужат? И кажа дека според кажувањата на директорот имало зголемени приходи а само 64% наплата на што се должи тоа? Настана дискусија и околу читањето на водомерите, неисправноста и револтот на граѓаните. Се кажа дека сметките треба да се плаќаат од сите граѓани без исклучок и дека треба да се настојува водомерите да се читаат најмалку на секој 3-ти месец и сите да се исправни. Градоначалникот праша и дали сите фактури од времето на Васко Горгиев се исплатени. Одговорот беше не но полека се исплаќаат. Славчо Гиздовски праша дали се преземаат мерки за дивите приклучоци. Одговорот беше да. Виктор Ангелов праша дали има план КЈП како да ја зголеми наплатата? И тој спомена уште еднаш дека побарал усвоениот бизнис план КЈП да го образложи и презентира пред граѓаните. Градоначалникот го праша директорот дека едно лице од Видовиште се пожалило дека воопштои не добива сметка за смет. Здравко Иванов праша дали е можно КЈП да го преземе менаџирањето на водоводот во Видовиште? Се разви дискусија по ова а градоначалникот ја објасни генезата на случувањата и сите напори на општината да се стави видовишкиот водовод во фукција. Сепак и покрај неплаќањето тој предложи да се обиде КЈП уште еднаш со профункционирањето на водоводот со ставање на паушал за вода од 250 ден и ангажирање на едно лице за пуштање и сопирање на водата. Кварталниот извештај на крај беше усвоен со 9-ЗА гласа.

**7. Програма за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Р.М.**

Претседателот отвори дискусија по точката. Градоначалникот објасни дека општина Зрновци е во крајна фаза од постапката за стекнување со право за продажба на плацеви во сопственост на РМ со тоа што веќе двајца вработени полагале и се стекнале со лиценца и заедно со оваа одлука за програмата треба да се поднесе барање до Министерството за транспорт и врски. Немаше понатамошна дискусија и Програмата беше донесена со 9-ЗА гласа.

**8. Разно**

Претседателот отвори дискусија по точката и ги информираше советниците дека има барање од страна на Ванчо Димитров од Видовиште за еднократна помош во конзервирана храна. Советниците дискутираа дека има уште неколку граѓани од општината на кои треба да им се помогне наваков начин. Градоначалникот кажа дека разговарал со директорот на центарот за социјални работи да им биде овозможен на по еден оброк на најзагрозените лица од општината, оброкот ќе се готви во кујната на детската градинка а истиот ќе биде платен од Центарот за социјални работи.

<u>Се донесе одлука да на лицата: Ванчо Димитров од Видовиште, Васко Васев, Јагода Стоименовска и Ленче Димитрова од с.Зрновци им се одобри еднократна помош во храна, од некоја од локалните продавници од 1500 ден.</u>

Немаше понатамошна дискусија и седницата заврши во 15:21.

| | |
|---|---|
| **Записничар** | **Претседател на Совет на општина Зрновци** |
| **Благој Данев** | **Владо Ристов** |



Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)